0201 - 349 / 30.11.2020

NLB Banka

## Собрание на акционери на НЛБ Банка АД Скопје

## Предлог-одлука за измени и дополнувања на Деловникот за работа на Собранието на акционери на НЛБ Банка АД Скопје

Врз основа на член 39 став 1 од Статутот на НЛБ Банка АД Скопје, Собранието на НЛБ Банка АД Скопје на својата седница одржана на 30.11.2020 година ја донесе следната

## Одлука за измени и дополнувања на Деловникот за работа на Собранието на акционери на НЛБ Банка АД Скопје

**Член 1**
Предмет на оваа Одлука се измени и дополнувања на Деловникот за работа на Собранието на акционери на НЛБ Банка АД Скопје (бр. 0201/1983/11 од 21.04.2005 година), поради усогласување со измените на Статутот на НЛБ Банка АД Скопје, кои се однесуваат на усогласување на текстот на Статутот со одредба од Законот за трговските друштва, која се однесува на овозможување на гласање со кореспонденција на Собранието на акционери.

Во членот 28 во ставот 2 зборовите „и Одборот за ревизија" се бришат.

По членот 34 се додаваат два нови два члена, член 35 и член 36, кои гласат:

**Член 35**
Покрај учеството во работата на Собранието со лично присуство или преку полномошник, согласно Законот за трговските друштва, Банката ќе им овозможи на акционерите да гласаат на Собранието и со кореспонденција пред одржување на седницата на Собранието

**Член 36**
Акционерите можат да гласаат со кореспонденција со испраќање пополнет образец кој во оригинал мора да биде примен во Банката најдоцна еден работен ден пред денот на одржување на седницата на Собранието.
Банката на својата интернет-страница ги објавува обрасците за гласање со кореспонденција, опис на постапката, потребната документација за идентификација на акционерите и датумот до кој мора да биде примен образецот за гласање со кореспонденција.
Акционерот што гласал со кореспонденција може лично да присуствува на седницата на Собранието, но доколку акционерот сака лично да гласа на самата седница, мора писмено да го отповика гласањето со кореспонденција најдоцна 48 часа пред одржувањето на седницата. Доколку акционерот не достави писмено известување дека го отповикува гласањето со кореспонденција, кое мора да биде примено во Банката најдоцна 48 часа пред одржување на седницата, предвид ќе се земе гласањето со кореспонденција.

Последователно, со промената членовите 35, 36, 37, 38, 39, 40, 41, 42, 43 стануваат 37, 38, 39, 40, 41, 42, 43, 44, 45.

Во членот 37, кој со промената станува член 39, зборот член 18 се менува со зборот член 17.

**Член 2**
Оваа одлука стапува во сила на денот на усвојувањето.

Претседавач на
Собранието на акционери
НЛБ Банка АД Скопје